ЗАЕДНО ЗА КЛИМАТСКА АКЦИЈА

ЕКО СВЕСТ

**Инфо билтен – септември 2024**




## #ЗаедноЗаКлиматскаАкција

На 7 октомври во 13:00 часот во Скопје ќе направиме преглед на напредокот во реализацијата на последниот Извештај во сенка за поглавјето 27.

Доколку вашата организација или институција има објавено документи и публикации поврзани со климатските промени и сродни теми во изминатите 5 години (од 2019 година наваму) и истите се јавно достапни, публикувани и објавени онлајн, ве молиме да ги споделите преку оваа кратка анкета.

## Енергија

Организиравме работилница за градење климатска отпорност и паметно енергетско планирање, која ја водеше „Екоцивилизација" за претставници од неколку ресорни министерства и институции од Македонија.

Sweden Sverige

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Во најновата анализа на мрежата Бенквоч, дознајте како се планирани и приоретизирани проектите во секторите транспорт и енергија за Македонија кои треба да се финансираат од Инвестицискиот фонд за Западен Балкан.

Бенквоч месецов го објави и шестото издание на извештајот „Усогласи или затвори" за 2023 година и нотира загрижувачки факти за состојбите во Македонија.

Споделуваме серијал во кој зборуваме на теми поврзани со климатските промени и енергетската транзиција. Покриваме различни аспекти кои се важни за подобро разбирање и справување со климатските промени, од тоа што се фосилни горива и обновливи извори на енергија, преку енергетска транзиција до паметно енергетско планирање и финансирање. Скок до сите 5 кратки видеа.

**Заштита на природа**

Европски пакт за иднината – нов зелен и социјален договор за одговорна и одржлива економија во Европа. Поддржете ја оваа иницијатива!

**Еко-свест Вевчани**

Еко-свест набави опрема составена од 3Д печатачи, компјутери, екструдери за филамент и дополнителна опрема, заедно со практична обука за користење на опремата за уленици и наставници во ООУ „Страшо Пинџур" во Вевчани и ООУ „Единство" во Октиси.

**Публикаци**

Извештај во сенка за Поглавјето 27 – Животна средина и климатски промени

Разгледајте го најновиот Патоказ кон циркуларна економија во Македонија во различни индустриски сектори и поврзаноста со Европските климатски цели и Зелената Агенда за Западен Балкан, издание на ОЕЦД од март 2024 година.

Потсетување! Ако имате публикации поврзани со климатски промени кои се објавени онлајн, кажете ни кои се, за да ги споделуваме понатаму преку веб-страницата на Коалицијата за клима.

Sweden Sverige

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Медиуми**

Прочитајте ги трите неодамнешни колумни на професорот Ристо Цицонков за турбулентниот свет во кој живееме и за вознемирувачката иднина која ни претстои. Прв дел, втор дел и трет дел.

Доаѓа ли крај на ерата на природниот гас?

Зошто е потребна реформа во Законот за енергетска ефикасност?

**Разно**

Лесно за читање. Климатските промени во дванаесет слики: краток водич низ последиците од климатските промени и можните решенија за подобра адаптација на нив.

Малку потешко за читање, ама исто толку важно. „Намалување на енергетскиот товар во електроенергетскиот сектор: метрика за проценка на енергетската сиромаштија", нов труд тукушто објавен во IEEE Power and Energy Magazine.

Одморете од читање. „Градина" – документарен игран филм за урбани герила градинари на периферијата на Скопје.

**Забелешка:** Овој инфо билтен е наменет за меѓусебно информирање за настани, активности и повици на еколошките организации и релевантните институции. Пораката ја добивте бидејќи сте регистрирани на една од GoogleGroups climatecoalitionmk и/или ekosfera. Доколку не сакате да го добивате овој инфо билтен, пратете порака на info@ekosvest.com.mk

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.